ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ (ЦУП) ОБЈАВУВА:

Оглас за ангажирање на: Практикант

Граѓанската организација „Центар за управување со промени“ (ЦУП) е непрофитна, невладина организација која промовира разбирање и ненасилни промени во општеството. Организацијата се фокусира на меки мерки и политики кои им помагаат на различни ентитети да ги прифатат промените во општеството како нормални ситуации и да ги претворат во позитивни резултати. Организацијата верува дека зајакнувањето на капацитетите на јавната администрација, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, евро - интеграцијата и инвестирањето во луѓето се главни агенти за промена во општеството.

Огласот за ангажирање е за потребите на заедничкиот проект на Центарот за управување со промени и Институтот за човекови права насловен како *„Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“* финансиран од Европската Унија преку програмата за поддршка на граѓанскиот сектор во рамките на слободата на медиумите за 2014 година, како и за потребите на заедничкиот проект на ЦУП и Здружението за одржлив развој АЛКА насловен како *„Граѓаните на прво место“* финансиран од Европската Делегација преку Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) на Министерството за финансии, во рамки на компонентата за подобрување на вклученоста на граѓанското општество во креирањето на јавно мислење, политики и донесување на одлуки на национално и локално ниво.

ЦУП бара етични, мотивирани и креативни личности кои ќе се придружат на нејзиниот тим, кој верува во демократија и отворени идеи и ги базира своите проекти на методот: планирај, реализирај, провери и делувај.

1. Практикант:

Личноста која аплицира за практикант треба да е високо мотивирана за стекнување знаење и практични вештини преку учество во проектите со кои се остваруваат целите на организацијата: јакнење на административните капацитети на јавната администрација; инвестиција и развој во персонал/ луѓе; европска интеграција и регионална соработка; управување со јавни промени и одржување развој еднакви можности и недискриминација и автоматизација на процеси.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Работни задолженија:

- Промовирање на визијата, мисијата и стратешките цели на организацијата
- Помагање на менаџерскиот тим во уредување на веб - сајтот
- Помагање во планирање, развој и спроведување на стратегии за комуникација и кампањи на организацијата
- Поддршка на проектниот тим на ЦУП во реализација на проектите

Потребни квалификации:

- Студент на последна година на студии
- Познавање на англискиот јазик
- Организациски способности
- Добри компјутерски вештини

Заинтересираните кандидати, за наведената позиција , треба да ја достават својата апликација исклучиво по  електронска пошта на следната адреса: cupskopje@gmail.com  Апликацијата се смета за потполна доколку содржи: 1)  Писмо на мотивација и 2. Биографија (CV во ЕУ формат). Крајниот рок за аплицирање е 25.03.2016. Апликациите пристигнати по крајниот рок, нема да бидат прифатени.  Кандидатите кои влегле во потесен избор, ќе бидат поканети на разговор.